Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
AdministrativedheInspektuese

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-23**
**Датум: 4.6.2021 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за издавачка дејност и услуги „Авантгарде ААЉ" ДООЕЛ,Скопје **(во натамошниот текст: Друштво)** |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Халк БанкаАД–Скопје |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | |

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| одговорно лице, директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | | <u>**3. КОНТРОЛЕН**</u> |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 3.6.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 12.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 4.6.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 13.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | (-шифра) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Записник од извршен вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57- 23 од 6.5.2021 г., и Решение со опомена Ип 1 бр 57-23 од 7.5.2021 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на контролниот инспекциски надзор:

Предмет: Предмет на инспекцискиот надзор е да се утврди дали Друштвото, по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт има постапено по Решението со опомена Ип 1 бр 57-23 од 7.5.2021 г., донесено од инспекторот, а со коешто на субјектот надзорот застапувано од одговорно лице е опоменат да ја отстрани неправилноста во работењето утврдена со Записникот за вонреден инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-23 од 6.5.2021 година и тоа:

-да достави Образец за наративен и финасиски извештај за реализација на проектот "НОТА ФЕСТ 2020" со приказ на реално направените трошоци и преземени обврски за реализација на проектот,согласно со Договорот бр. 20-5184/1 од 28.4.2020 година, за учество во финасирање на проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско-уметничка дејност за 2020 година и член 68 став (3) од ЗК со соодветна документација во прилог.

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

Не се употребени листи за проверка, од причина што станува збор за контролен инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

7)За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзорот беше претставуван од одговорното лице Авни Аљији од Скопје.

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| , одговорно лице, директор | | |

8) За време на извршување на инспекцискиот надзор, присуствуваше и лицето:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на корисникот- субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот надзор.

10)Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

Во конкретниов случај, констатирано е дека субјектот на надзорот има постапено по Решението со опомена Ип 1 бр 57-23 од 7.5.2021 година, во утврдениот рок, односно на 27.5.2021 година до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметностите има доставено Образец за наративен и финасиски за извештај за реализација на проектот „Нота Фест 2020", заведен во писарницата под број 20-7312/1, но истиот не содржи приказ на реално направените трошоци и преземени обврски за реализација на проектот, согласно со констатираното во Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор, поради што на одговорното лице во субјектот на надзорот му се укажува да постапи во целост по инспекцискиот акт-Решение со опомена.

11) Од непосредниот увид во приложената евиденција, документација, како и разговорот со присутното лице, се утврди следново:

1.Не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот, поради што инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
RepublikëssëMaqedonisësëVeriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Sektori i Mbikëqyrjes
AdministrativedheInspektuese

12)Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

13)Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој што изјави дека нема забелешки на констатираното со записникот.

__________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на субјектот на надзорот: [redacted] директор на Друшт[redacted] Авантгар[redacted] Скопје | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: [redacted] виш инспектор [redacted] | [redacted] |
| Датум: | 17.6.2021 __.6.2021 г. | Датум: | 4.6.2021 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото

______________________________________________________________________________